**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Дами и господа пратеници ја отворам 99-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Благој Зашов, Љубчо Георгиевски, Андреј Жерновски, Јован Манасијевски, Оливер Шамбевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Ружди Матоши, Али Ахмети, Фазли Велију, Азис Положани, Горан Мисовски, Фијат Цаноски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Неждет Мустафа, Никола Рилкоски, Илинка Митрева, Славица Грковска и Гоце Марковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

На седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија, по консултациите исто така и на координацијата на состанокот, заради разгледување на Предлогот на одлуката, за дополнување на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА и Предлогот на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим, за учество во мировна операција Авганистан.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Пред да го ставам предлогот на гласање, тука имав на дисплејот пријавени тројца за збор.

Господине Спасовски, претполагам е процедурално. Така ли е?

Повелете имате процедурална интервенција.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

На почетокот сакам навистина да го искажам моето разочарување од односот кое што Министерството за одбрана го има и према Собранието, меѓутоа и према меѓународните мисии, меѓутоа, очигледн е дека ќе мора да се навикнеме на ваква работа.

Мојата процедурална интервенција е лично упатена до вас како претседател на Собранието на Република Македонија, во името на СДСМ барам да направите се и да побарате да биде вклучен еден член од Собранието на Република Македонија во Комисијата која што ќе ги испитува околностите и причините заради настанатата хелихоптерска несреќа, што се случи на армискиот хелихоптер при враќањето од мисијата, заради тоа што ова Собрание е единствено надлежно и со одлука на ова Собрание се упатуваат војниците на меѓународни мисии и мислам дека повеќе од потребно е еден член во таа Комисија да биде од Собранието на Република Македонија. Мислев дека тоа како претседател на Собранието ќе го побарате, заради тоа што најмногу треба да бидеме засегнати од исходот на истрагата која што ќе се води и да бидеме директно вклучени, пред се, заради одговорноста која што ја имаме пред граѓаните на Република Македонија во врска со упатувањето на мисиите.

Имајќи предвид дека Министерството за одбрана сосема несериозно пристапува кон донесување на едни вакви одлуки, пред се, злоупотребувајќи ги позициите кои што ги има во македонското Собрание на консензус околу ова прашање, после ова што ни се случи, навистина ќе мораме да имаме еден претставник кој што директно ќе учествува во работата на оваа Комисија и ќе ги согледува причините, а со тоа ќе имаме и првични информации како Собрание на Република Македонија.

Во таа смисла барам од вас да направите се, да покренете иницијатива, да се донесе ако треба заклучок или одлука на Собранието, врз основа на која ќе побараме член од Собранието во Република Македонија во Комисијата за испитување на околностите и причините заради кои што настана оваа хаварија на армиското летало. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Спасовски, јас потполно ве разбирам, го разбирам и расположението, општото расположение на Парламентот кое конфролно со вашиот предлог. Неколку неофицијални разговори сум направил со пратеници и од опозицијата и позицијата. Во таа смисла треба да направиме, навистина се, да успееме, но треба да се испитаат деловничките можности. Сега адхог, не можам да ви ги кажам кои се. Треба да седнеме на Претседателство, добро да ги испитаме деловничките можности. Инаку, јас го поздравувам вашиот предлог и знам што е основната причина. Така што, немам никакви објекции во таа смисла. Повелете.

**Оливер Спасовски:** Господине претседателе,

Јас навистина не знам за неформалните разговори кои што вие сте ги имале. Се надевам дека тоа е пред се и заради одговорноста која што ја имате како прв човек на Собранието што е нормално да се побара една таква работа.

Меѓутоа, имајќи предвид дека досега официјално не покренавме ништо, заради тоа барам, поставувам предлог со заклучок Собранието да донесе одлука, или заклучок врз основа на што вие ќе побарате наше учество во оваа Комисија.

**Љубиша Георгиевски:** Сосема е на место. Само ви велам треба да испитаме на Претседателство. Ние ќе дадеме задача и на самите себе и на службите да ги испитаат модалитетите.

**Оливер Спасовски:** Претседателе, вие си испитувајте на Претседателство. Јас барам Собранието да донесе заклучок, врз основа на кој што вие понатаму ќе ги водите сите постапки за вклучување во Комисијата, заради тоа што ние носиме како Собрание одлука и ги испраќаме нашите војници во мировни мисии. Заради тоа што на Армијата и е потребна демократска контрола и на Министерството за одбрана. Демократската контрола лежи во Собранието и во оној кој што ја носи одлуката. Заради тоа, барам да се изјасни Собранието, со заклучок да го задолжиме претседателот на Собранието да покренеме една таква постапка.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, вашиот официјален предлог е да се изјасниме сега со заклучок. Добро, се согласувам.

Предлогот на господинот Спасовски. Ова ќе биде прво кога ќе се усвои дневниот ред, но имаме уште процедурални.

Јас се согласувам сигурно. Само да ја видиме процедурата.

Прво процедурално се надевам на ред е господинот Сафет Незири. Секако дека ќе го ставиме тој предлог. Барем јас немам проблем за тоа. Повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседател.

Јас имам предлог за дополнување на дневниот ред на оваа седница на Собранието на Република Македонија со информација од страна на Министерството за внатрешни работи за акцијата која што беше преземена на вчерашниот ден во село Арачиново и информација исто така, за убиството на еден граѓанин од село Глумово по име Сејфедин Мустафа и ранувањето на Шпенд Халили. Со ва, сакам да побарам да дојде госпоѓата министер Јанкуловска и да даде извештај, односно информација за убиството или елиминацијата на еден граѓанин, кој што бил под сомнение од село Арачиново, како прво, а како второ, злоупотребата на специјалните единици на Министерството за внатрешни работи во потребата кон пратеникот од зоната, пратеникот Сафет Незири и кон градоначалникот на општина Арачиново господинот Музафер Беслими. Во моето барање и од страна на градоначалникот, за учество на местото на настанот само како посматрачи, ние бевме третирани многу лошо од страна на специјалните единици, до тој степен што тие употребија и физичка сила кон нас, со тоа што не фатија за рамо и не повлекоа на страна и беа во состојба да употребат и некои други поинакви мерки. Покрај тоа што јас господине претседател и почитувани колеги пратеници сум побарал и сум ги запознал специјалните единици на Министерството за внатрешни работи дека сум пратеник и имам имунитет како пратеник на Собранието на Република Македонија, тие воопшто не ме испочитуваа и дојде и до следење на таа ситуација. Ние како парламентарна група бараме да дојде информација од страна на Министерството за внатрешни работи за настанот во Арачиново за активностите во последно време од страна на Министерството за внатрешни работи. Секоја акција што ја презема истото Министерство, секогаш е со последици и со убиени лица. Значи, ниту една акција од оваа единица нема успех, нема резултати и не се во состојба да притворат, да приведат некое лице што е под сомнени. Затоа господине претседател, барам на дневен ред да се стави оваа информација, прво за акцијата во Арачиново и второ, како потточка на главната точка, нормално и злоупотребата на специјалните единици кон пратеникот од зоната и кон градоначалникот на општина Арачиново. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, господине Сафет ова го земеме амнотан, кога ќе направите писмено барање, ќе го земеме и официјално во процедура, се разбира.

Трепение, нема причина за нервоза. Да ги сослушаме процедуралните, така е деловнички. Ве молам, господине Рафис повелете.

**Рафис Алити:** Моја процедурална обврска е со случаите кои се спомнаа, најнапред барам да се гласа, а после ќе добијам процедурално, што значи, прво да се стави на дневен ред предлогот на колегата Оливер Спасовски, а потоа на колегата Сафет Незири, а потоа јас ќе земам процедурален збор, зависно од епилогот од гласањето.

**Љубиша Георгиевски:** Го ставате вашиот ред за тоа, молам тогаш да го исформулираме предлогот кој треба да се стави.

Господине Павле, уште вие кажете, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе,

Мислам дека има повеќе...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, се премисливте ли, јас ве разбрав добро господине Рафис, ама имаше уште еден. Вие можете сега да си го земете процедурално, а после гласањето пак можете да коментирате, не е никаков проблем.

**Рафис Алити:** Вие господине Георгиевски постојано се трудите да манипулирате со пратениците и да не ги почитувате процедуралните. Пратеникот Оливер Спасовски

побара процедурално и побара да се гласа неговиот предлог. Вие сте должни да го ставите на гласање неговиот предлог. Исто така и пратеникот Сафет Незири побара за неговата точка да се гласа. Јас бев многу јасен зависно од епилогот кој ќе излезе од гласањето, на двајцата пратеници и јас ќе го искористам моето процедурално право. Барам да го испочитувате Деловникот на Собранието и вие уште од почеток ја прекршивте процедурата, со што се вели дека го предлагам дневниот ред да не може да се исполни со други точки овој дневен ред. Вие треба да кажете дали има некој пратеник кој предлага да се исполни дневниот ред, а не да се исполни или дополни дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е еден потполно сценариски шаблон. Претседателот има предлог и вие можете да имате предлог. Што се однесува до процедуралните барања за збор секогаш сум давал збор до крај, се додека на дисплејот има некоја процедурална интервенција.

Според тоа, остана уште господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Ние сега расправаме процедурално, се уште не предлагаме точки на дневниот ред. Меѓутоа, некои од процедуралните прашања да речеме можеби се од истоветна природа и логично е ако се работи за иста работа да имаме можност да кажеме можеби двајца или тројца пратеници.

Околу предлогот од страна на Парламентот да партиципираме во Комисијата за испитување на околностите под кои се случи несреќата во која загинаа 11-мина, мислам дека нашиот правен систем е многу јасен. Не може Владата да донесе одлука во која ќе партиципира пратеник. Постојано зборуваме дека Парламентот е самостоен, а ние сеги или СДСМ предлага да имаме член во таа Комисија која што ја формира Владата. Мислам дека тоа е апсурдно и не треба таква иницијатива да се прифати, а и не треба ни да се поставува. Но, се сложувам со иницијативата на пратеникот Оливер Спасовски, Парламентот ако има потреба, ако процениме дали преку Комисијата за одбрана и безбедност или посебна комисија да формираме која што ќе учествува и ќе испитува околностите евентуално, ќе ја утврдува политичката одговорност на министерот за одбрана евентуално на други носители на јавни функции. Затоа се јавив веднаш после пратеникот Оливер Спасовски за да ги разјасниме работите, да не излезе дека ние сме против, можноста Парламентот директно да учествува во испитување на околностите под кои падна хелихоптерот каде загинаа 11-мина.

**Љубиша Георгиевски:** Потполно ве разбирам и мислам дека вашата процедурална интервенциа е на место.

Сега, го ставам заклучокот предложен...

(Реакција од страна на пратениците)

А, имате ли процедурално? Тогаш, повелете сите процедурални интервенции имаат предност.

Сите што побараа процедурална интервенција ќе добијат, нема никаков проблем.

Господине Незири, вие по втор пат се јаувате, се согласувате ли да поминат овие што се прв пат, па вие после? (Не се согласува)

Има процедурална интервенција господин Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Господине претседател,

Јас мислам дека бев сосема јасен и многу убаво го дефинирав моето барање една ваква информација за настаните од Арачиново, за третирањето на пратеникот на зоната и градоначалникот на општината Арачиново да има информација од страна на Министерството за внатрешни работи да не биде во писмена форма, туку да дојде самата госпоѓа министер и директно да не известува за тоа што се случило во врска со тој настан и како понатаму ќе се третираат пратениците во своите зони кога ќе се случат вакви или идентични настани. Не сакам јас да дојде информација пишана од страна на министерката, туку да се стави на дневен ред точката за да дојде госпоѓата министер и усно да не информира. Затоа што една ваква злоупотреба не само што станува збор за злоупотреба на граѓанин на Република Македонија, без оглед на неговата вина, сепак судијата е тој што е надлежен да донесе одлука дали е виновен или не, со меѓународните конвенции, со законите на Македонија, со Уствот на Република Македонија гарантирани се правата на секој граѓанин на Република Македонија, се додека не се констатира вината на некој кој што е под сомнение. Меѓутоа и покрај тоа многу убаво треба да има предвид секој пратеник во Парламентот дека кога е злоупотребена позицијата на еден пратеник со имунитет и на една градоначалник на општина како што е случајот со градоначалникот на општина Арачиново Музафер Беслими, вие се обидувата преку една информација, тогаш каде ќе биде нашата позиција како пратеници. Тогаш е најдобро ние да ги оставиме овие работни места и да си одиме дома, затоа што фактички ние се враќаме на полициска диктатура во Република Македонија. Ова е сериозна тема кога на еден пратеник не му се дозволува да премине 10 метри во внатрешноста, тогаш каква позиција има, кого јас претставувам господине претседател.

**Љубиша Георгиевски:** Незири, јас комплетно ја разбирам вашата позиција, разбирам и што сте преживеале на моментот и ние разговаравме за тоа, меѓутоа член 66 е еден од најцитираните членови. Со тој член почнува секое барање за дневен ред и вели вака: “Пратеник и Владата можат и по свикувањето на Седницата, како и на самата седница до утврдувањето на дневниот ред да предложат на дневниот ред да се внесе определено прашање само во случај на итна и неодложна потреба”. Тоа до овде е се во ред. “Предлагачите на ставот 1 од овој член се должни да поднесат материјал во писмена

форма и да ја образложат итноста. На седницата најапред се одлучува за итноста без претрес". Имено, јас тоа ви го советувам, поднесете во писмена форма и се ќе биде во ред, немаме никаков спор.

Господин Оливер Спасовски вашата процедурална интервенција по втор пат.

**Оливер Спасовски:** Претседателе,

Во однос на процедуралната интервенција навистина морам да кажам дека уште еднаш ја злоупотребувате позицијата на претседател на Собранието на Република Македонија. Јас дадов конкретен предлог и ви кажав од кои причини тоа го дадов. Не знам зошто пратеникот од парламентарното мнозинство не би се сложил со еден таков предлог. Сосема наместо е прашањето за една демократска контрола на Министерството за одбрана и за одлука за кое што ние сме донеле во Собранието да ги испратиме овие луѓе во мисија. 12 дена после оваа хелихоптерска несреќа немаме никакви информации, најмалку имаме ние во Собранието на Република Македонија кои што сме донеле една таква одлука. Заради тоа побарав да донесеме заклучок врз основа на кој ќе се вклучиме во Комисијата за спроведување на истрага, а дополнително во постапка ќе се избере член од Собранието кој ќе учествува во работата на таа Комисија. Според тоа ќе ве замолам веднаш да го ставиме овој мој предлог како заклучок за изјаснувањето пред Собранието и Собранието да каже дали смета така како што смета СДСМ. Ние сме убедени дека токму Собранието е оној орган кој ги праќа војниците во мировни мисии и тој треба да има контрола над вршењето на работите на спроведувањето на мисиите, иако недоставува извештај Министерството за одбрана, меѓутоа во една ваква ситуација и тоа како треба да бидете заинтересирани вие господо од ВМРО-ДПМНЕ да иамаме член таму и да имаме изворни информации што и како се случува. Да не се шпекулира и да се престане веќе еднаш со шпекулации во јавноста. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Спасовски, само пред 10 минути јас одовде отворено и најискрено го подржав вашиот предлог и за тој предлог не може да се избегне гласање. Меѓутоа, член 85: "На пратеникот кој сака да говори за повреда или неправилна примена на Деловникот, претседателот му дава збор штом го побара". Според тоа се додека овде на дисплејот јас имам толку говорници тие туку што го побарале. Затоа, предлагам повеќе говорници на дисплејот кои се за процедурална интервенција кои се од опозицијата. Од мнозинството има еден или двајца. Дајте таа листа да ја редуцираме и да гласаме. Нема никаков проблем. Сега, гледам дека листата се крати и тоа е супер, па сега се само шестмина. Вкупно сега се 18 минути, повелете. За 18 минути ќе гласаме, бидете трпеливи, не е никаков проблем.

**Јани Макрадули:** Претседателе,

Не може да си ги бирате членовите по потреба. Имате Глава 4 - тек на седницата, каде што е набележано како се одвива седницата, кој ја отвора, присуство на пратеници. Член 73: "Собранието без претрес се изјаснува за секој предлог за измени и дополнувања на предложениот дневен ред:. Имате тек на седница која прв пат после 17 години го видоизменувате. Имате предлог за нова точка на дневниот ред, без претрес, без разлика што е од ВМРО-ДПМНЕ тој што сака да го отвори претресот, се става на гласање предлогот и на изјаснување. Применете го членот 73 од Главата 4 - тек на седницата. Не знам што е тука проблематично. Зборуваме, да потсетам, за државна комисија. Во Република Македонија има национално тело за НАТО во кое што има пратеници, има државни комисии во кои што заради природата на нештата учествуваат различни структури. И сега тоа е едукативно да делуваме ние тука на сите, немаме време, па затоа според член 73 ставете го предлогот и применете го Деловникот за работа од Главата 4 - тек на седницата. Не читајте некои други членови што немаат врска. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека од кога ветив дека ќе се гласа и ќе се гласа, имав право да го сервисирам имено тој член, затоа што најголемите забелешки во оваа една ипол година ми се правата дека не давам збор на процедурални интервенции. Молам, еве мојот предлог главно излегува на видело. Има уште двајца.

Нема потреба за нервоза, секој ќе си гласа како што мисли. Јас да ви кажам дека ќе гласам за вашиот предлог, го разбирам, затоа што и јас така се чуствував по малку.

Повелете господине Владо Бучковски, вашата интервенција.

**Владо Бучковски:** Претседателе,

Го употребивте, а не го злоупотребивте мојот разговор со вас пред седницата , каде што ние навестивме дека пратеничката група на СДСМ, несакајќи дополнително да ги подгрева шпекулациите или да ги навредува чувствата на семејствата на загинатите војници, ќе побара само како што спомна пратеникот Макрадули, во Државната комисија да се даде соодветно место на претставник од Собранието. Вие рековте дека тоа е разбирливо и немаше потреба да биде адвокат не знам на кого, веројатно на Владата Павле Трајанов и да опонира на нашиот предлог.

Инаку, ние сме подготвени сериозно да учествуваме во работата на Државната комисија бидејќи станува збор за адхог комисија која се формира при вакви несреќи, авионски несреќи. Бидејќи станува збор за авионска несреќа во која загинаа војници кои со наша одлука се враќаа, тоа е причина да учествув претставник од Собранието. Ние бараме само да се гласа, да не шпекулираме со нашето учество таму и да видиема дали евентуално ќе има потреба ние да формираме потоа посебна анкетна комисија.

Бидејќи за нас во овој момент е неразбирливо зошто 12 дена се тактизира, зошто има прв човек на таа Државна комисија, која според нас е со несоодветно образование или струка итн. Затоа, би инсистирал уште еднаш да се вратиме на првичниот предлог на Оливер Спасовски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Комплетно го прифаќам тоа што го кажавте и сега дозволете уште господин Рафис Алити да си го каже своето, а сега вели дека се откажува, тогаш во ред. Со процедуралните треба да завршиме.

За процедурално се јави пратеникот господин Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Веројатно и ние од ВМРО-ДПМНЕ имаме право да кажеме нешто процедурално и да го кажеме ставот. Пред да гласаме би сакал да кажам неколку работи.

Прво, по однос на предлогот и она што сакам да го кажам е дека ова што е побарано во моментот е неиздржано од многу едноставна, процедурална односно правна причина, заради тоа што Комсијата која што ги истражува околностите под кои што се случила несреќата е Комисија што ја формира Владата, значи извршната власт, во таква Комисија не може да учествува претставника на законодавната власт односно на Парламетот. Така што ВМРО-ДПМНЕ нема ништо против да има контрола на работата на Владата, но во правно и законски дозволени рамки. Она што можеме да го направиме заради тоа што се работи за голема несреќа е да формираме анкетна комисија во Парламентот, да се разгледува оваа работа на Комисија за одбрана и безбедност кога ќе го имаме извештајот да го погледнеме на Парламентот но да се бара во владина комисија која што ги истражува околностите под кои што се случило ова, да учествува Парламентот е смешка и глупост. Да бараме во Комисија која што после тоа ќе е составена од истражни органи на судот да учествува и претставник на Парламентот е исто така глупост, заради тоа што се работи за основна тројна поделба на власта. Така што тоа е ставот, а доколку сакате има начини Парламентот да се вклучи. Анкетна комисија, Комисија за одбрана и безбедност, да го разгледаме извештајот тука, интерпелаци итн. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега овде ви должам една објаснување, прелогот на Спасовски беше да се донесе заклучок, да се направи се за да има човек во Парламентот во таа комисија. Тоа беше предлогот. Досега не можеме пак да дојдеме до гласање, затоа што имаме нова процедурална интервенција, госпоѓа Шекеринска, повелете, вашите три минути.

**Радмила Шекеринска:** ПОчитуван претседателе, господа пратеници,

Ако за ова прашање говориме за точки и запирки и за процедура, навистина мислам дека сме изгубени во македонското Собрание. 11 луѓе изгубија животи и нивните семејства во изминативе 12 дена можат само да прочитаат медиумски шпекулации за причините за таа трагедија. Опозицјата молчеше 10 дена, заради тоа што сметавме дека истрагата не смее да стане цел на партиски, медиумски или било какви други шпекулации.

И, при таков еден конструктивен однос на сите кои се загрижени за тоа што се случило, очигледно е дека од надлежните органи почнаа на големо и на широко да излегуваат или информации или дезинформации.

Знаете ли што се случува со семејствата на загинатите кои секој втор ден ќе отворат весник и ќе слушнат нешто друго? Дека не биле исправни инструментите за висина, дека ремонтот не бил соодветно направен, дека војниците не требале да се враќаат со овој транспортен хеликоптер, дека војниците со задоцнување се враќале дома. И, што е одговорот на надлежните институции? Молк. Што е одговорот на ова Собрание? Точка или запирка од процедура.

Па, како не ни е срам да се однесуваме како во Македонија да не се случило ништо? Како не ни е срам?

Во Република Македонија органите требаше до сега, прво да не излегуваат со шпекулации, и второ, требше до сега да излезат со некои првични индиции што се случило.

Ова што денеска ни се случува, Министерството за одбрана односно Владата, повторно на ден претходно да ни достави материјал за нови мировници со кои што покажува дека Министерството за одбрана ништо не планира, само го зголемува хаосот, во Македонија има Државна комисија која треба ова да го истражи. Во неа учествува извршната власт, во неа учествува и судската власт. Ако, како Собрание, имаме обврска да дигнеме рака и да пратиме луѓе, понекогаш и во опасни мировни мисии, за жал сега и мировни мисии што трагично завршија, мора да имаме обврска да бидеме присутни и да гарантираме дека јавноста ќе ја дознае вистината.

Ако нема што да се крие, за што искрено се надевам и посакувам, нема зошто од ова да се прави траума. Ако нема што да се крие ниту пред Собранието, ниту пред јавноста, ниту пред семејствата, сега е моментот Собранието да каже, како што гласаа за, за праќање мисии, мора да гласа и за одговорност кога овие мисии трагично ќе завршат.

Би побарале господине претседателе, ништо од оваа дискусија немаше да се случи да го почитувавме целосно Деловникот и веднаш кога се даде предлогот само да се гласаше. Ниту некој на ова може сега да прави политичка дискусија, ниту смее. Дас го ставевте предлогот на гласање, до сега веќе ќе имавме заклучок. Благодарам.

(Реакции со дофрлање во салата)

**Љубиша Георгиевски:** Сега, ве молам, ве молам.

Може да се случува нешто што постојано ни се случува. Може да се држи тензија со бескрајни процедурални интервенции, затоа што тоа Деловникот гои дозволува.

(Реакции во салата)

Го дозволува. Ви прочитав дека го дозволува. Веднаш му се дава збор. Ви прочитав.

Дајте сега, ве молам, дајте да се откажеме од процедуралните дискусии. Или тоа го предлагам или предлагам 15 минути прекин за координација да се договориме и да работиме.

(Реакции во салата)

Момент, господине Трајанов ова ви е втор пат. Ве молам, повеќе нема да ви давам збор, втор пат ви е. Нека каже и тој, да го испочитуваме принципот. И, после тоа одиме на гласање.

Повелете господине Трајанов по втор пат сте. Ве молам, имајте чувство. Ве предупредувам.

**Павле Трајанов:** Благодарам претседателе.

Би сакал прво да изразам протест бидејќи несреќата на 11-мината се користи за политички маркетинг. Апсолутно не заслужил со таквиот приод.

Јас, сосема јасно кажав, дека Владата формира и истражна комисија. Во неа не може Парламентот да партиципира. Ние сме законодасвна власт. Власта е поделена. Но, се соглсувам, ако сметате дека треба Парламентот да биде вклучен околу сите овие активности или да ја дознае вистината, да формираме или посебна комисија или да ја почитуваме процедурата, преку постојната Анкетна комисија или преку Комисијата за одбрана и безбедност. Тоаа е системот. Јас само укажав, да не западнеме во грешка бидејќи Владата сиформирала своја Комисија. Ние, како пратеници, не можеме да бидеме подведени под Владата и некои од Владата сега да свикува седници и да ни кажува што треба да правиме како парламент.

Во тоа е мојата дискусија. Во тоа е мојата процедурална забелешка. Не значи, ако некој предложи нешто што е надвор од Уставот, надвор од законите ние да гласаме. Мислам дека не е во ред.

Значи, апсолутно не ја опструирам идејата Парламентот да биде информиран. Не ја опструирам. Меѓутоа, сакам да укажам, да не западнеме во грешка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро. Сега е веќе време да го примениме членот 73 и да преминеме на гласање.

Господине Најдовски, ако дозволите, бидејќи морам и вам да ви дадам збор, повелете, вашата процедурална интервенција.

Господине Спасовски, господине Спасовски, ве молам, се надевам искрено, после процедуралната интервенција на господинот Најдовски, сами да го формулирате заклучокот што го формулирате за гласање, бидејќи помина доста време. Да знаат пратениците точно за што гласаат.

Ајде, уште господинот Најдовски. Факт е и тоа дека ЛДП немаше процедурална шанса. Повелете.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, цела работа од почеток ја згрешивте.

Процедуралната моја интервенција ќе биде процедурална. Ние немаме, прво, ни образложение за итноста на седницата. Уште на старт ја погрешивте, тоа требаше да го побара претставникот на Владата и со тоа да започнете.

Втората работа, ова, ајде нека биде ненамерна грешка, да не ни се случи повторно. Кога пратеник ќе предложи предлог, по Предлогот нема расправа, а вие дозволивте расправа. Предлогот веднаш оди на гласање.

И трета работа што сакам процедурално да ви ја предложам, за итноста на седницата и за точката на дневен ред да дојде да образложи премиерот на Владата на Република Македонија. И јас и вие господине претседателе бевме заедно во април во Сараево кај единицата што сега ја гласаме. Ние, 120-те пратеници ја носиме одговорноста зошто ги испраќаме овие мисии. И јас и вие господине претседателе, господинот Есад Рахиќ, слушнавме од тие тогаш претставници на Мисијата во Босна кои се недостатоците што Владата и Министерството не ги презема за нашата Мисија во Босна.

Затоа барам од вас, прво да го почитувате Деловникот, да ја образложи итноста.

Второ, штом пратеник предложи нешто веднаш да го ставите на гласање и

Трето, за оваа точка сега, да дојде премиерот да ни ја образложи итноста и тој да ни каже колку сме подготвени за испраќање на овие мисии.

Не, ние 120 пратеници после да ја сносиме одговорноста. Ви благодарам, Мојата забелешка беше чисто процедурална.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Чисто беше процедурална, но не згрешив јас. Вие згрешивте. Ова е итна седница, а не е по итна постапка. Така барем службите тврдат.

Ќе дозволиме ли сега да гласаме?

Ајде во молам, дозволете сите да преjдеме на гласање, оти вака одиме во бескрај. Ако дозволувате да гласаме, тогаш да гласаме.

Меѓутоа, имаме уште двајца овде, а Оливер Спасовски да го формулира заклучокот. Го имаме Грозданов Цветко кој вели дека само половина минута, но таа половина минута може да ја одложи седницата.

Но, имате право, повелете.

**Цветан Грозданов:** Благодарам претседателе.

Би рекол, со сиот  респект кон предлогот што беше даден од господинот Оливер Спасовски, но би се навератил назад и би кажал кои се активностите на Собранието. Би напомнал дека и претходно имаше паѓање на Авионот што беше

на Претседателот Борис Трајковски, Кингерот што падна и да направиме една паралела.

Доколку и тогаш беа вклучени луѓе од Собранието на Република Македонија во учество, во истрагата, можеме и сега. Доколку немало ни тогаш, нема потреба ни сега да се вклучат.

И на крајот, би замолил да се сочува дигнитетот на Собранието, не е време ниту место на несреќата дас градиме одредени политички поени или одреден маркетинг. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро е тоа, јас го почитувам како ваш став.

Немојте никој да заборавите дека ова е законска држава и дека ништо вон рамките на законот не може да биде направено. Ние можеме да направиме не знам што.

Меѓутоа, јас го почитувам и деловнички и секако предлогот на Оливер Спасовски и го повикувам сега да го формулира, за да знаеме за што гласаме, бидејќи помина многу време. Повелете господине Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

На почетокот сакам да кажам предлогот што го дадов, апсолутно не можеме да влечеме паралела со било кој друг случај, затоа што имате Службен весник на Република Македонија каде е објавена Одлуката донесена од Собранието на Република Македонија. И јас како пратеник и мојата парламентарна група, заради одговорноста што ја имаме, бараме учество на Парламентот. Верувам дека имате такво чувство на одговорност и вие и ќе дадете согласност да имаме еден член кој ќе биде во Комисијата.

Значи, барам, Собранието да донесе заклучок со кој што ќе се даде можност да се делегира свој претставник односно пратеник во составот на Државната комисија за истрага околу причините и околностите за несреќата што се случи со армиското летало. После тоа, Комисијата за избори и именувања нека си предложи кандидат, ќе се стави точка на дневен ред на наредната седница на која што ќе го делегираме нашиот кандидат. Тоа е предлогот.

**Љубиша Георгиевски:** Формулацијата ја слушнавме.

Ве повикувам да гласаме.

(По објавувањето на резултатите од гласањето на дисплејот, гласни реакции од пратениците на пратеничката група на СДСМ)

Гласале 60 пратеници. . .

Ве молам, дозволете да го објавам. Многу фер пристапивме кон гласањето. Дозволете да го објавам резултатот.

Најпрво, службите ги молам, со оглед на 60 гласачи уште еднаш да проверат колку пратеници беа присутни.

(Службите утврдуваат колку пратеници се присутни во салата за што го информираат претседателот)

Молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутни пратеници.

(Службите повторно утврдуваат број на присутни пратеници во салата)

Од резултатите што ги соопштија службите констатирам дека имаме кворум, па затоа можам да ги објавам резултатие од гласањето.

Во присуство на 70 пратеници, гласале 60 пратеници, за гласале 29 пратеници, воздржани нема, против гласале 31 пратеник.

Значи, немаме доволен број да донесеме одлука за.

Според тоа, одиме понатаму со Предлогот.

Предлагам Предлогот на дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на . . .

(Пратеникот Рафис Алити бара збор)

**Рафис Алити:** (од место) Молам, требаше да се гласа за нашиот предлог.

**Љубиша Георгиевски:** За вашиот предлог?

Јас, за вашиот предлог се изјасним Деловнички. Тој предлог треба да е писмено поднесен прочитав од Деловникот, писмен предлог и ќе го ставиме на изјаснување. Ако не е писмен, не може. Ви прочитав од Деловникот. Ако јас грешам, вие можеби имате поправедно решение.

Повелете, процедурално имате збор.

**Рафис Алити:** Да грешиш, не е грев. Туку да згрешиш намерно е грев. Вие грешките ги правите намерно.

Пратеникот Сафет Незири беше јасен и дециден. Во име на парламентрната група на ДУИ еве и јас барам да се стави на дневен ред настанот што се случи вчера во село Арачиново, настанот што се случи на излезот од Гостивар. Затоа што се работи за настани што се инсценирани од органи за внатрешни работи. Убиствата се прават од парамилитантни единици кои се под команда на органот за внатрешни работи, како што се случи во селото Ваксинце.

Истите нешта се случуваат и во другите места населени со Албанци. Затоа не случајно ние бараме да дојде Гордана Јанкуловска овде пред нас и да не информира за сите овие случаи. И за убиството во Гостивар, и за убиството во Арачиново се направени од парамилитантни сили. Се малтретира пратеник, се малтретира градоначалник.

Додека вие, како парламентарно мнозинство ниту сакате да слушнете за овие работи. Во име на ДУИ барам еден час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Макрадули, вашата интервенција бидејќи е најавена пред паузата, сакате ли пред паузата? Еден час пауза побара пратеникот господин Рафис Алити. Бидејќи вие побаравте претходно, имате право да интервенирате.

(Пратеникот Јани Макрадули од место се изјаснува дека не би интервенирал)

Добро.

По барање на господинот Рафис Алити, еден час пауза.

Во текот на паузата, после половина час би ги замолил координаторите на пратеничките групи на кратка координација во Уставна сала. Паузата е од еден час по барање на Рафис Алити, но по истекот на половина час од паузата ги молам пратениците на консултација.

(Пратениците интервенираат дека паузата се поклопува со паузата за ручек).

Простете, не видов. Да се договориме. Бидејќи паузата трае еден час, ќе ја продолжиме таа, бидејќи ќе навлезе во паузата за ручек, продолжуваме во 15,00 часот. Така тоа наложува.

Ги молам координаторите за половина час да дојдат на кратка координација.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,14 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,10 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, бидејки во моментот се врши дистрибуција на писменото барање на координаторот на пратеничката група на ДУИ господинот Рафис Алити, односно верувам дека во наредниве моменти материјалот ќе се дистрибуира.

Истовремено, уште еднаш апелирам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Координаторот на пратеничката група на ДУИ во има на пратаеничката група предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со: Инфорамција од страна на министерот за внатрешни работи госпоѓа Гордана Јанкуловска за случувањата во Арачиново и во Гостивар на ден 22 јануари 2008 година.

Предлогот ви е поделен.

Го молам пратеникот Рафис Алити да ја образложи итната и неодложна потреба оваа Инфорамција да биде разгледана на оваа седница.

Има збор господинот Рафис Алити, повелете.

(Пратеникот Јани Макрадули реагира со зборовите: “Процедурално барам збор потпретседателе”).

Господине Макрадули, паузата која ја побара господинот Рафис Алити беше дадена за оваа работа. Сега процедуираме по тоа зошто дадовме пауза, за да ја образложиме паузата. Инаку, ако не го направам ова, ќе се јави господинот Рафис Алити ќе се јави пак да бара процедурално збор и пак ќе се караме. Ве молам, ќе добиете процедурално, нека заврши господинот Рафис Алити.

(Пратеникот Јани Макрадули реагира).

Господине Макрадули, не знам зошто не сакате да разберете, ако ви дадам вам збор процедурално, ќе бара процедурално и господинот Рафис Алити, пак ќе се вртиме во круг. Три минути господинот Алити да се изјасни и ќе продолжиме, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Јас ќе се обратам на македонски јазик, затоа што и барањето е поднесено на македонски јазик.

Пратеничката група на ДУИ бара Инфорамција од страна на министерот за внатрешни работи госпоѓицата Гордана Јанкуловска за случувањата во Арачиново и Гостивар на ден 22 јануари 2008 година.

Образложение: При акцијата на специјалните сили на МВР за апсење на пребегнатиот осуденик Насер Небију од Арачиново, истиот е убиен во дворот на сопствената куќа. Заради овој настан, месното население било видно вознемирено и побарале од господин Сафет Незири, пратеник во Собранието на Република Македонија од таа изборна единица, и од господин Музафер Беслими, градоначалник на општина Арачиново да разберат што се случува.

Припадниците на специјалните сили или единици на МВР и парамилитарните униформирани лица не само што не им дозволиле пристап на пратеникот и на градоначалникот, туку со груба физичка сила ги туркале, ги оттргнале и не им дозволиле да го дадат својот придонес во правец на смирување на тензиите.

Истиот ден, значи на 22 јануари 2008 година, на излезот од Гостивар беше убиено лицето Сафет Мустафи од Глумово и тешко беше рането лицето Шпенд Алили од Шипковица.

Сметаме дека министерот за внатрешни работи госпоѓица Гордана Јанкуловска треба да не информира како Собрание, бидејки многу убиства ни се случуваат и остануваат неразјаснети. Вознемиреноста кај граѓаните е уште поголема што вршители на овие грозоморни дела се припадници на Министерството за внатрешни работи, поточно приапдниците на паравоените единици АЛФИ, кои станаа страшен инструмент во рацете на одредени структури во Министерството за внатрешни работи и власта.

Поради овие причини, бараме овој предлог да се стави како посебна точка на дневен ред на оваа седница.

Во ием на парламентарната група на ДУИ уште еднаш бараме сите рпатеници сериозно да пристапат на гласањето, затоа што има голема вознемиреност меѓу населението заради настаните кои се случија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Алити.

Пред да го ставам предлогот на господинот Алити на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, а службите да ни дадат точен број на присутни пратеници во салата.

Во меѓувреме ја користам приликата во мое и ваше име да ја поздравам делегацијата на Демократската младина на Албанците, која е во официјална посета на Парламентот денес.

(Краток аплауз).

Во салата има доволен број на пратеници. Затоа, уште еднаш ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум).

Ги молам уште еднаш пратениците кои се на работните тела, на седници на комисиите да да дадат краток прекин за да го изгласаме предлогот на пратеничката група на ДУИ.

Ги повикувам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејки во салата се присутни 61 пратеник, предлогот на пратеничката група го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 38 пратеници, од нив 12 гласале за, воздржани нема, против 26.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Процедурално се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

И нашиот чин на гласање е дел од она што процедурално сакав да го кажам на почетокот од попладневната сесија.

За жал, денес имаме седница на која прво не се послушаа барањата што како пратеничка група ги кажавме уште на 3 јануари, а тоа е дека работиме во Собранието и испраќаме мисии надвор од земјата сеуште без ниту еден извештај од некоја меѓународна мисија на нашите воени сили.

Второ, сеуште Комисијата за одбрана никогаш не заседавала пред испраќањето на наши припадници во рамки на меѓународните мисии.

СДСМ не сака Собранието да биде привезок на валста и на Владата и секогаш ќе се спротивставува кон тоа. Денес, и не само денес, сите граѓани на Република Македонија очекуваат и бараат да се дојде до вистината, да се разбере вистината што се случи со хеликоптерската несреќа. Денес ВМРО-ДПМНЕ имаше шанса, ако гласаше за, да се дојде што побрзо до вистината за трагичниот настан. За жал, и со чинот на гласање, и со прес конференцијата ВМРО-ДПМНЕ покажа дека нема ниту државничко, а со прес конференцијата посебно, ниту човечко однесување во најтешките и трагични моменти и за фамилиите и за граѓаните на Република Македонија. НАТО бара од нашите институции сериозност, одговорност и планирање, не бара инпровизации, не бара бегање од одговорноста. Ако ВМРО-ДПМНЕ имаше вистински прашања, ќе гласаше "за" да учествува Собранието во рамки на Државната комисија и немаше да поставува прашања до некои други, туку ќе му ги поставеше прашањата во сопствениот двор на министерот кој е најдоговорен, Еленовски, и премиерот Груевски.

Заради ваквото недржавно и нечовечко однесување пред се на ВМРО-ДПМНЕ, ние ќе ја напуштиме седницата и нема да учествуваме во работата на оваа седница. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Со оглед на новонастанатата ситуација, објавувам пауза од 15 минути. Благодарам.

(Паузата започна во 15,30 часот)

(По паузата седницата продолжи во 16,05 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

За процедурално се јави господинот Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети:** Благодарам.

Почитувани присутни, искажувам моја згрозеност за несериозноста на парламентарното мнозинство кое не прифаќа да се расправа и дискутира за случаи каде се губат човечки животи. За да биде вознемиреноста уште поголема ова парламентарно мнозинство одбива да расправа за настаните кои се случуваат во Република Македонија, кога се во прашање граѓани Албанци.

Од овие два случаи за кои баравме да се расправа, јас повеќе сум запознаен за вториот случај, бидејќи се работи за мој сограѓанин.

Почитувани присутни, по промената на власта, во дворот на својата куќа ова лице се ранува со калашников , а не од пиштол. Неколку пати се гаѓаше во општина Сарај по ова и по други лица.

Поднесов отворено писмо, користејки ја мојата институција како пратеник во ова Собрание, до минситерот, бидејки таа е една фигура во оваа Влада, а не лице кое раководи со овој ресор, да ги обелодени овие случаи кои се случуваа во општина Сарај. Не случајно никогаш не договори на овие прашања.

Истото писмо го поднесов и до странските дипломатски претставништва. Рака на срце од нив имаше интерес за настаните кои се случуваа во Република Македонија.

Ова парламентарно мнозинство односно оваа Влада сака неистомислениците кои не мислат како неа, да ги ликвидира уште од старт и преку средствата за јавно информирање ги нарекува криминални банди, а не им дава можност на институциите, на МВР каде врие од парамилитарни структури, Обвинителството и судството да решаваат. Најлесно е Албанецот во Република Македонија во ова време да се убие и да се каже дека тоа било пресметка меѓу криминални групи. До колку е пресметка меѓу криминални групи, тогаш каква е оваа држава која цело време, за овој случај, ја преминува границата Македонија-Албанија.

**Бесим Догани:** Благодарам. Ви помина времето.

Процедурално за збор се јавува господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас би сакал да дадам едно видување и една забелешка по однос на член 87, а се работи за следното:

На моето процедурално прашање што го поставив во претходен период, ќе напомнам само дека СДСМ повторно излезе со истите тези, непочитувајќи го достоинството на Парламентот и сакајќи да направи еден маркетинг, сакаше да направи она што господинот Макрадули зборуваше дека не би правеле импровизации. Јас ќе кажам дека со она што тој го понуди правиме импровизации затоа што во Законот никаде не стои дека може да учествува во таква група, или формирање на таква група.

Она што господинот Павле Трајанов го укажа дека можеме да направиме Анкетна комисија, тоа беше во ред и можеби правно е издржано. Но, ќе кажам дека она што СДСМ го правеше во периодот од 11,30 часот па до сега е чиста импровизација и можност за еден маркетинг што го избра лошото време. СДСМ избра многу погрешно време за еден таков маркетинг.

Сега би сакал да се обратам до македонската јавност и да напомнам следното.

Од излагањето на СДСМ, поточно од потпретседателот и претседателот на СДСМ, господинот Јани Макрадули и госпоѓа Радмила Шекеринска, можеме да видиме кој точно на оваа држав аи посакува напредок и влез во НАТО структурите. Кој во дадената ситуација го кочи влезот на Република Македонија во НАТО структурите, кој ги прави сценаријата, се само Република Македонија, во периодот кој доаѓа, не добијат статус членка на НАТО или датум за преговори за Европската унија.

Јас би сакал да кажам, можат камерите и да го покажат тоа, дека во овој момент и во оваа сала денес се наоѓаат само партиите кои на Република Македонија и посакуваат брз напредок, влез во НАТО Алијансата и добивање на датум за преговори во ЕУ. Со ваков начин на однесување, СДСМ самиот се девалвира и кажува дека вистинските кочничари на реформите на Република Македонија доаѓаат точно од СДСМ и од нивната врхушка, од госпоѓата Радмила Шекеринска и господинот Јани Макрадули. Затоа би апелирал, во интерес на Република Македонија да се вратат во салата и да изгласаме, како што и до сега гласавме, со акламација да ги испратиме војниците.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Процедурално за збор се јави господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

На денешната седница имаме две точки. Првата точка е -Предлог одлука за дополнување на Одлуката за испраќање на единица на АРМ за учество во ЕУ АЛТЕА во Босна и Херцеговина и втората точка е - Предлог одлука за испраќање на единица на АРМ во Мировната операција во Авганистан.

Тоа се две точки кои се директно поврзани со нашите евроатлански интеграции. Мисијата во Босна е директно раководена од Европската унија и претставува прва мисија на заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија, голем тест за тоа како ќе функциони Европската унија во иднина односно како ќе функционира безбедносната и надворешната политика на Европската унија.

Втората мисија по обем е најголемата мисија што НАТО ја има во сопствената историја.

Во двете мисии Македонија учествува со свое скромно учество, дава придонес и помеѓу другото со ова докажува дека заслужува да биде член на Европската унија и на НАТО.

Нашите мировници таму се едни од најдобрите амбасадори, едни од најдобрите репрезенти на она што е Република Македонија.

За жал, денес со потегот што го направи СДСМ, јасно покажува само една работа а тоа е дека НАТО и ЕУ им требаат само тогаш кога треба да направат маркетинг од тоа, дека НАТО и Европската унија им требаат само тогаш кога сакаат да најдат изговор зошто сакаат да блокираат некој проект на Владата, дека НАТО и ЕУ им требаат само тогаш кога се во функција на нивниот рејтинг. Со ова што гонаправија покажаа дека искрено не веруваат во овие две институции и дека индиректно не го поддржуваат нашето зачленување таму.

Со настапот што го имаше лидерот на опозицијата Радмила Шекеринска, покажа дека во ловот на бројки, во битката по рејтинг може да се злоупотреби и фамилијарна судбина и нсреќа, покажа дека може да се манипулира со чувствата на роднините на загинатите, покажа дека може политиката разбрана во стил на СДСМ, да оди до бескрај, да оди до бесчувствителност, да оди до немање основно чувство на она што се вика болка и тага на роднините. Јас навистина сум згрозен од тоа што се случи денес и сум убеден дека во наредниот период СДСМ ќе се обиде да ја искористи болката и тагата на роднините за да ќари некој процент повеќе. Доброволно се откажувам од 2% рејтинг само СДСМ да не ја злоупотребува болката и тагата на роднините на загинатите.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски.

Процедурално за збор се јавува господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Ние побаравме да се стави на дневен ред и точката - Инфорамција од страна на министерката за внатрешни работи, госпоѓата Гордана Јанкуловска.

Се виде дека ова мнозинство не покажува интерес за настаните кои се случуваат во земјата, не сака јавноста да биде информриана околу овие настани.

Јас уште на почетокот ќе кажам дека ние како парламентарна група и како политички субјект

сме придонесувале и придонесуваме за интеграција на Македонија во НАТО и ЕУ, секогаш сме гласале и денес го пдоржуваме испраќањето на нашите војници во Босна, во мировните мисии каде било. Меѓутоа, во знак на протест, затоа што оваа Влада, ова мнозинство не се интересира за безбедноста на своите граѓани. Кога велам безбедноста на своите граѓани, ги имам предвид и војниците кои ги испраќа надвор од земјата, меѓутоа и тие што живеат во земјата.

Ние како парламентарна група секогаш сме гласале за, меѓутоа денес во знак на протест ќе ја напуштиме оваа седница. Балгодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Алити.

Процедурално за збор се јави господинот Гариб Каба, повелете.

**Гариб Каба:** Благодарам потпретседателе.

Јас ја разбирам реакцијата на парламентарната група на ДУИ, но ова е една манипулација и се чудам за начинот, формата и обликот како оваа група постојано сценира и пред јавноста, но и овде пред Парламентот, непотребни тензии.

Има институции во државата кои треба да работат и работат за да ги обелоденат сите случаи поединечно.

Нема да навлегувам во конкретните детали што ги спомнаа претходните говорници, но би ја потсетил парламентарната група и претседателот на оваа група да биде повнимателен, бидејки констатациите остануваат констатации, а фактите се факти.

ДПА не е политичка групација која секогаш на нив треба да им ги контролира грешките. Колку пати ние треба да ги поправаме грешките на овие господа. Сценаријата кои постојано ги создаваат на терен, не можеме ние тоа да го толерираме, одредени личности кои се поврзани со криминални елементи, кои ги злоупотребиле законите или лица кои биле инкриминирани во разни случаи, ние не можеме да ги браниме. ДПА, а зошто не и Владата останува доследнува на овие прашања и продолжуваме одлучно да се бориме против сите девијантни појави во нашето општество и доследно ќе ги штитиме позитивните ставови и позитивните процеси, интеграцијата во НАТО и во ЕУ. Значи останува тоа полициските органи и судството да ги расчистат овие работи и да излезат со инфорамции во наредните денови. Значи се ова што се побара од претходните пратеници е едно сценарио, една провокација за да се направат тензии во Парламентот, а зошто не и пред пошироката јавност, албанска и како држава. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Каба.

Бидејки нема повеќе процедурални пријавувања, предлагам предлогот на дневен ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Пред да го ставам предлогот на гласање, ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во слата.

Почитувани дами и господа пратеници, бидејки во Собранието нема услови за продолжување на седницата, тука ја прекинувам денешната седница. За продолжението на седницата ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина со работа во 16,30 часот)